# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ПОД КОИ РЕЗИДЕНТИТЕ КОИШТО НЕ СЕ ОВЛАСТЕНИ БАНКИ, МОЖАТ ДА ОТВОРААТ И ДА ИМААТ СМЕТКИ ВО СТРАНСТВО

## 1. ПРАШАЊЕ

Во новата одлука, формулацијата „за важечки документ за престој во странство не се смета визата евидентирана во патната исправа, туку треба да биде друг документ издаден од надлежен орган во државата со којшто се регулира престојот во таа земја" е избришана, а е ставена нова формулација според која „за важечки документ за престој во странство се смета документот издаден од надлежен орган во државата со којшто се регулира престојот во таа земја". Дали визата евидентирана во патната исправа се смета како важечки документ издаден од надлежен орган со којшто се регулира престојот во таа земја?

## ОДГОВОР

Поединечната виза или мулти визата (со рок на важност подолго од 3 месеци) евидентирана во патната исправа, е секако документ издаден од надлежен орган, но во најголем број држави претставува право на имателот на визата за влез во таа држава и да престојува ограничен период на време (на пример како турист) најчесто до 3 месеци. Доколку физичкото лица има потреба од подолг престој, според досегашната пракса и сознанија добиени од банките, скоро во сите држави во светот (со мал број на исклучоци како на пр. Австралија, Нов Зеланд и сл.) надлежен орган во таа држава издава посебен документ за престој (а не за влез) со кој на физичкото лице му го регулира привремениот престој којшто е вообичаено над 3 месеци.

По исклучок на горенаведеното, доколку во патната исправа има евидентирано виза од којашто недвосмислено може да се потврди дека таа претставува и документ за влез и документ за регулиран престој во таа држава подолг од 3 месеци, во тој случај може и визата евидентирана во патната исправа да се смета за важечки документ издаден од надлежен орган во државата со којшто се регулира престојот во таа земја.

## 2. ПРАШАЊЕ

Потточката 2.8 ги опфаќа физичките лица со постојано место на живеење во Република Македонија, а во исто време имаат и важечка странска патна исправа со податоци за адресата на живеење во странство.

Како да се постапува со патните исправи ако не ја содржат адресата, односно кој би бил валиден документ за докажување на постојаното место на живеење?

## *ОДГОВОР*

*Доколку во патната исправа нема наведено адреса на постојано место на живеење, тогаш постојаното место на живеење банката го одредува од други сигурни и независни извори за потврдување на идентитетот на клиентот согласно со одредбите за идентификување и потврдување на идентитетот на клиентот пропишани во Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам или преку изјава потпишана од физичкото лице дека има регулирано постојано место на живеење и во странство. Писмената изјава не се прифаќа за физичките лица што приложуваат патна исправа издадена од соседните земји на Република Македонија.*

**3. ПРАШАЊЕ**
Потточка 2.2 пропишува "Сметката кај странската банка врз оваа основа може да се отвори само во земјата од којашто е издаден важечкиот документ за престој и може да се користи само за трансфер на средства од странство". Истото ова се предвидува и во точката 2.4. Оттука, резидентот кој исполнува услови согласно со овие потточки и поседува сметка во странска банка, може да ја користи само за трансфер на прилив од странство. Дали и под кои услови овие резиденти може да направат одливен трансфер од нивната сметка во Република Македонија на нивната сметка во странство?
Дали документот за остварена пензија од работен однос издаден од надлежен орган во странска држава, ќе се смета како важечки документ за работа во странство, согласно со ставот 2 од потточката 2.4?

***ОДГОВОР***
*Физички лица со постојано место на живеење во Република Македонија, коишто привремено престојуваат во странство подолго од три месеци, врз основа на важечки документ за престој во странство, и физички лица со постојано место на живеење во Република Македонија, коишто привремено престојуваат во странство, а имаат важечки документ за работа, може да направат одливен трансфер на нивна сметка во странство согласно со одредбите на Одлуката и Упатството за начинот на вршење на платниот промет со странство.*
*Да, документот за остварена пензија од работен однос издаден од надлежен орган во странска држава, ќе се смета како важечки документ за работа, бидејќи со тој документ со сигурност се потврдува дека лицето било вработено кај работодавач со седиште во таа држава, а согласно со точката 3, лицето може средствата на сметката да ги пренесе во Република Македонија и по истекот на документот за престој (договорот за работа).*

**4. ПРАШАЊЕ**
Со експанзијата на индустриските и развојни зони, МВР издава документи на странски физички лица за привремен престој во период пократок од 6 месеци, но лицето истовремено поседува договор за работа во Република Македонија на повеќегодишен период (повеќе од 6 месеци) и истиот уредно има пријавено живеалиште во Република Македонија. Дали потточката 2.6 од оваа Одлука се однесува за овие лица и дали можат да вршат трансфер на средства од своите сметки во Република Македонија на своите сметки во странство?

***ОДГОВОР***
*Странските физички лица коишто имаат дозвола за работа во Република Македонија од најмалку 6 месеци или повеќе, а МВР има издадено документ за привремен престој во Република Македонија помалку од 6 месеци, согласно со објаснувањата дадени на Одлуката за начинот на кој резидентите отвораат девизни сметки, доволно е еден од наведените документи да е со траење од најмалку шест месеци, за да се смета дека лицето има статус на резидент по основ на регулиран привремен престој во Република Македонија од најмалку шест месеци.*
*Оттука, потточката 2.6 од оваа Одлука се однесува за овие лица, и тие можат да вршат трансфер на средства во и од странство.*

**5. ПРАШАЊЕ**

Во врска со точка 4 каде е наведена можноста за слободно отворање кориснички сметки кај странски електронски сервиси за платежни трансакции за комерцијални цели односно за купување стоки и услуги по електронски пат, при што НБРМ ќе ги извести овластените банки за глобалните електронски сервиси за платежни трансакции каде што може да се отворат сметки од физички и правни лица, би сакале да укажеме дека истото известување го немаме добиено и не сме во можност да спроведуваме таков тип на плаќања.

***ОДГОВОР***

*Народната банка со допис број 15-20981 од 20.06.2014 година, има испратено писмо до сите банки, со кое ги информира банките дека можат да вршат трансфери на средства согласно со точка 4 од оваа одлука кај глобалниот електронски сервис за платежни трансакции PayPal.*